Врз основа на член 50 став (1) точка 16, а во врска со член 82 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 9 став (3) од Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/18 и 11/18), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе;

# О Д Л У К А

## ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Со оваа одлука се распишуваат избори за членови на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Изборите за членовите на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, ќе се одржат со тајно гласање на **23.09.2018 година** во период од 17-20 часот.

**Член 3**

Предлозите за кандидати за членови на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, ќе се примаат во деновите 15.09.2018 и 16.09.2018 година во периодот од 10-14 часот (сабота и недела).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08- 4046/1**
**од 12.09.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СКОПЈЕ 1